Македонија

GS1 e-ИНФО

Бр.27 - ноември 2015

# Почитувани читатели на е-ИНФО на GS1 Македонија

Тимот на GS1 Македонија верува во силата на GS1 стандардите кои го трансформираат начинот на кој сите ние работиме и живееме. Уште еден позитивен пример на влијанието на GS1 стандардите на зголемување на конкурентноста на македонското стопанство и јакнење на економијата во нашата Република е главната тема на овој број.

Имено, настанот одржан на 27.10.2015 во Скопје, под мото „Заеднички да изградиме регистар на македонски производи по светски GS1 стандарди“, привлече големо внимание во Републикава. Учествуваа преку 100 претставници на компании кои се во бизнисот со храна, 10 медиуми директно го покриваа настанот и објавено е на преку 20 портали.

Во свечениот дел на настанот г-дин Зоран Поповски, директор на АХВ и г-дин Симон Наумоски, претседател на GS1 Македонија потпишаа Меморандум за соработка, како круна на повеќегодишната успешна, комплементарна и координирана активност помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и GS1 Македонија во насока на воспоставување меѓусебни релации кои произлегуваат од надлежностите на двете страни и согласно потребите на стопанството, за изградба на поефикасен и поефективен систем на безбедност и квалитет на храната.

Во вториот работен дел стручно објаснување и толкување на новиот Правилник за информациите поврзани со храната, даде Примариус д-р Ленче Јовановска, раководител на сектор за храна од неживотинско потекло при АХВ.

GS1 Македонија го промовираше новиот лик на GS1 Каталогот, комплетно редизајниран и со нови функционалности. Наша цел е GS1 Каталогот да стане регистар на македонски производи, односно алатка за зголемување на конкурентноста на македонските производи и да им овозможи на македонските компании да добијат поголема видливост на своите производи, подобра презентација пред јавноста, зголемени можности за пласирање на своите производи на домашниот и странските пазари, подобра заштита на својата трговска марка и својот бренд, подобрување на имиџот на компанијата, можност да додадат нова вредност на своите производи и да ја зголемат пазарната вредност на компанијата. Во моментов во нашиот каталог има преку 2.000 производи од 230 македонски компании. Повеќе информации за настанот на ЛИНК

Во овој број подетално ќе Ве информираме за ексклузивната можност на македонските фирми со своите производи да бидат видливи на рускиот пазар и обратно, преку воспоставената синхронизација на македонскиот GS1 Каталог со платформата на FOOD GATE на GS1 Русија.



Слаѓана Милутиновиќ,
извршен директор

# „Производите од GS1 Каталогот видливи и во Food Gate - Русија“

Иновативно решение за е-комерција базирано на GS1 стандарди




www.en.foodgate.ru

Руската IT компанија “Gate”, технички партнер на GS1 Русија понуди нов иновативен веб базиран систем за пребарување и тргување со прехранбени производи. Со постигнувањето на договорот за соработка во декември 2014 година меѓу GS1 Русија и IT компанијата Gate, се овозможи отпочнување на изработката на веб базираниот систем а за е-трговија Food Gate, следејќи ги интернационалните стандарди за класификација на производите и приказ на информациите дефинирани според GDSN стандардите и регулативите на GS1 организацијата. Food Gate е достапен на два јазици: англиски и руски јазик.

“Изборот на GS1 стандардите и решенијата во изработката на Food Gate го направивме без никакви дилеми. За трговија на производите сега е потребен само бар код. Сите други потребни податоци за производите, класификацијата и нивните атрибути може да се пристапат од веќе формираните GDSN бази на податоци. Тоа го олеснува начинот на електронска трговија за сите учесници.”

Denis Ayzikovich
Генерален извршен директор Gate LLC

## B2B платформа за електронска трговија

B2B платформата за електронска трговија е дизајнирана со цел да се креираат и објават понуди за трговски производи, да се пронајдат партнери и да се овозможат трансакции.

Нуди низа функционалности достапни до крајните корисници:




1. Креирање понуди за производите врз основа на GTIN-от на производот. Внесот на податоците за производите е врз основа на стандардите воспоставени од GS1 организацијата, односно GS1 GDSN стандардите. GS1 Каталогот, најновиот проект на GS1 Македонија нуди лесен начин за опис на производите во согласност со GS1 GDSN стандарди.

2. Класификацијата на производите се врши со користење на Глобалната класификација на производи (GPC), која се користи и во GS1 Каталогот. Кога ќе се креира понуда за производот преку неговиот бар код (GTIN), мора да се наведе и класификационата група во која се содржани понудените производи. Оваа класификација овозможува уникатен начин на пребарување на производите независно од земјата.

3. Автоматско пребарување во реално време на совпаѓачка понуда и побарувачка.

4. Интерактивен и лесен начин на пребарување според GPC класификацијата

5. Голем број опции и критериуми за пребарување на понудите:

   - Локација на компанијата (геолокација)
   - Начини и услови при плаќање
   - Начин на достава, базиран на Incoterms регулативите
   - Цена

6. Лесна регистрација за сите членки компании на GS1 Русија и GS1 Македонија. Секоја членка со самата регистрација во GS1 Каталогот и внесот на податоците за своите производи автоматски е и дел од Food Gate, а сите промени во производите навремено се синхронизираат.

Извори на податоци за производите се базите на GS1 Русија и GS1 Македонија, кои ги содржат точните и навремено ажурирани податоци за производите и производителите, кои се официјално членки во GS1 системот.

## Мапа на компании според GPC

Оваа платформа овозможува пребарување на GS1 членките компании според GPC категориите и географскиот регион. Платформата нуди можности за:




Мапа на компании од Русија и Македонија кои се дел од FOOD Gate и GS1 Каталогот на GS1 Македонија

1. Визуелен приказ на светската мапа на локации на компаниите и нивните оддели (според Глобалниот локациски број – GLN). Компанијата или одделот се прикажуваат на мапата само доколку производите се класифицирани со GPC.
2. GPC класификаторот може да се користи на различни нивоа (примарно постојат 4 нивоа на класификација на производите).
3. Автоматска електронска синхронизација со базите на производи од GS1 Русија и GS1 Македонија.
4. Приказ на податоци за компаниите во Русија и Македонија.

Предностите на овој систем се:

- Скалабилност на платформата која овозможува додавање на нови групи на производи.
- Интеграција на податоците од националните GS1 организации и нивен приказ на појасно дефиниран начин
- Користењето на GS1 стандардите
- Можноста GS1 членките компании да ги промовираат производите глобално.

## Пребарувач на прехранбени производи

Пребарувачот на прехранбени производи овозможува секој корисник (маркет) да ги постави своите барања за достава на производи. Со спецификација на категоријата на производите, нивната цена, минималниот квантитет на достава, целосната достава, условите за плаќање, локацијата на достава и други параметри се овозможува брз начин на поврзување на производителите и маркетите.

Со големиот број на параметри за опис на производот не се овозможува само подетален и поточен опис на производите, туку и полесен начин на пронаоѓање на производите лоцирани на одредена територија од дадената класификациона група.

Сите контакт информации се чуваат во профилот на компанијата и стануваат видливи кога ќе започне комуникацијата меѓу производителот и маркетот. Секоја трансакција се проверува со финансиската способност на купувачот и може да се откаже во било кој момент од различни причини. Учесниците може да остават рејтинзи и коментари за изгледот, дизајнот и комерцијалниот предлог за производот, но и за самата трансакција.

Системот овозможува и анализа на конкуренцијата и производите на пазарот, пронаоѓање на потенцијални партнери, анализа и споредба на цените во однос на региони на различни производи.



Македонски компании на мапата на компании на FOOD Gate

# „Интервју со Г-дин Denis Ayzikovich, извршниот директор на Gate LLC за FOOD Gate и соработката со GS1 Македонија“

Г-дин Denis Ayzikovich, извршниот директор на Gate LLC и г-динот Олег Герман, проектен менаџер, се луѓето одговорни за креирањето и имплементирањето на веб базираниот систем за електронска комерција на прехранбени производи – Food Gate.

- **Дали ќе можете накратко да ни ја објасните идејата зад креирањето на Food Gate и начинот на кој функционира?**

Иницијалната идеја на проектот – креирање на глобален систем за нарачка на прехранбени производи во Русија многу брзо станува реалност. Постојат специјализирани веб портали каде што компаниите може да објавуваат огласи и понуди за производите, но овие портали не овозможуваат брзо пребарување со висок квалитет на релевантни информации, бидејќи сите информации презентирани на корисниците се во форма на поединечки текстуални пораки оставени од корисниците.

Нашиот проект е фундаментално различен – сите информации за купувањето и продавањето на производите се во структуриран формат, што овозможува брзо пребарување

- **Food Gate постои веќе 2 години. Кои се главните успеси кои успеавте да ги постигнете и која е следната цел на која сте фокусирани?**

Главниот успех е употребата на интернационалните стандарди во креирањето на системот, особено користењето на GS1 класификацијата на производите (GPC) и добивањето на информации за производот преку неговиот бар код – GTIN, со што се овозможува собирањето и комбинирањето на податоците за производите и производителите од различни земји во еден систем. Во блиска иднина планираме да извршиме поврзување со каталозите од Словенија, Србија, Белорусија, Грузија и балтичките земји. Исто така вршиме проширување на системот, освен сегментот B2B (бизнис

со бизнис) да го опфати и B2G (деловен однос со владини тела). Моментално соработуваме со владините тела во Русија во развојот на услугите за јавни набавки. Нашиот систем ќе биде врската меѓу владините агенции, начин за објавувањето на продажбите, како и основна алатка за поврзување на производителите и набавувачите.

**„ВО МОМЕНТОТ ВО FOOD-GATE ИМАМЕ 11.600 КОМПАНИИ, ПРОИЗВОДИТЕЛИ, ДИСТРИБУТЕРИ И МАРКЕТИ И 1.100.000 ПРОДУКТИ“**

**Олег Герман**
**Проектен менаџер**
**FOOD Gate**

- **На 1 Август 2015, GS1 Каталог (каталогот на македонските производи од GS1 Македонија) беше синхронизиран со нашата B2B платформа за е-комерција Food Gate. Како започна оваа соработка и какви се Вашите очекувања?**

Нашата соработка со GS1 Македонија започна по нашата средба со тимот на GS1 Македонија во март 2015 година во Брисел за време на саемот за размена на идеи и услуги меѓу GS1 националните организации на годишниот Глобален Форум, каде што го презентиравме нашиот проект заедно со GS1 Русија. Нашата презентација предизвика интерес кај учесниците и вработените од GS1 Глобалната организација. По саемот започнавме да комуницираме со неколку GS1 национални организации, но првата GS1 организација со која успеавме да извршиме синхронизација е GS1 Македонија. Со тоа успеавме да докажеме дека нашиот систем е одлична алатка за воспоставување на меѓудржавни бизнис релации помеѓу трговските партнери во Русија и Македонија. Се надеваме дека искуството од нашата соработка ќе биде пример за останатите GS1 организации и нашите услуги ќе станат неопходни за сите учесници во дистрибутивниот синџир.

- **Дали може да ни објасните накратко за потенцијалите на рускиот пазар? Зошто македонските компании би имале бенефити од соработката со руските компании?**

Рускиот пазар е многу голем, и покрај моменталната политика кон Русија. Русија е приморана да ги задоволи своите потреби за одредени производи на сметка на своите ресурси, но тоа не е можно за сите типови на производи. На тоа најмногу влијание имаат климатските и сезонските услови, кои се разликуваат во различни делови од Русија. Ние се надеваме дека моменталната политичка ситуација ќе се подобри и дека соработката меѓу трговските партнери меѓу нашите земји ќе се зајакнува во иднина.

- **GS1 Македонија, како GS1 национална организација има крајна цел GS1 Каталогот да стане дел од Глобалната мрежа за синхронизација на податоци (GDSN) за B2B комерција. Какви се Вашите искуства со GDSN и кои се советите кои може да ги споделите со компаниите членки на GS1 Македонија?**

Учеството на производителите, трговците и потрошувачите во GDSN е многу скапо и е неопходна дополнителна ангажираност на ресурси во повеќето компании. Нашиот систем е поедноставен и попристаплив, односно е многу полесен за користење. Ефективноста на GDSN, како и на Food Gate, најмногу зависи од бројот на учесници – колку повеќе учесници, толку подобро. Затоа нашата главна задача е да го привлечеме вниманието на компаниите за нашиот систем и да продолжиме на развојот на неговите функционалности.

Наш совет е сите членки на GS1 Македонија да започнат да ги користат новите канали и инфомармациони технологии за подобрување на бизнис процесите.

- **Кои се земјите и GS1 организациите со кои работите, на кој начин и на кое ниво е вашата соработка?**

До денес, нашиот систем е интегриран со GS1 Русија и GS1 Македонија. Моментално сме во преговори со GS1 Белорусија и другите земји од Заедницата на независни држави за интеграција на базите на податоци за производи и производители во еден систем. Словенија, Србија и Хрватска исто така искажаа интерес за интеграција со нивните каталози. Освен со GS1 националните организации, ние соработуваме и со GS1 EDI провајдери кои ги користат GS1 стандардите. EDI провајдери се трговците и потрошувачите, и наша цел е поврзување на EDI провајдерите со нашиот систем за проширување на нивната видливост на пазарите и полесно пронаоѓање нови партнери.

- **Дали верувате дека Русија, како и Македонија, две земји со долг период на транзиција ќе имаат големи бенефити од проекти како што е овој во економска смисла и каква треба да биде улогата на GS1 во овие проекти?**

GS1 стандардите се дизајнирани за поедноставување на бизнис процесите во целиот свет, секако најпознат од тие процеси е користењето на бар кодот за означување на трговските производи. Во Русија размената на електронски документи меѓу трговските партнери со користење на услугата EDI се развива многу брзо. Моментално имаме 6 водечки провајдери. Развојот на IT услугите е поврзан со економскиот развој на земјата, и најчесто е последица од ваквиот развој, а не причина. Да се надеваме дека ваквиот позитивен тренд ќе продолжи.

**„НАШ СОВЕТ Е СИТЕ ЧЛЕНКИ НА GS1 МАКЕДОНИЈА ДА ЗАПОЧНАТ ДА ГИ КОРИСТАТ НОВИТЕ КАНАЛИ И ИНФОМАРМАЦИОНИ ТЕХНОЛОГИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС ПРОЦЕСИТЕ.“**

**Denis Ayzikovich**
**Генерален извршен директор**
**Gate LLC**

- **Дали сте запознаени со некои од практичните бизнис бенефити за компаниите од користењето на Food Gate?**

Во системот Food Gate секојдневно се вршат околу 30 трансакции меѓу партнерите. Денес, системот му дозволува на посетителите да пронајдат партнер во согласност со одредени критериуми и да ги добијат неговите контакт информации. Системот не е процесирачки центар, односно не може да гарантира дека трансакцијата ќе се изврши меѓу партнерите. Во иднина, планираме да ја овозможиме и таа услуга. Секојдневно системот го посетуваат 2500 нови посетители и 500 повторни посетители. Поделеноста на посетителите според земјите и регионите е следнава: Русија - 91.5%, земјите од Заедницата на независни држави – 6.8% (Украина – 3.5%, Казахстан – 1.25%, Белорусија – 1.4%, Молдавија – 0.2%) и Европа – 1.14%.

- **Кои се вашите планови за проширување на Food Gate и синхронизација со каталозите од другите земји?**

Во Food Gate, моментално постои само сегментот FBT – food, beverage, tobacco (храна, пијалоци, тутун), па посетителите се луѓето кои се заинтересирани за производи од овој сегмент. Овој сегмент беше најпредизвикувачки и најголем, па затоа беше избран прв. Системот е дизајниран врз основа на GS1 стандарди, па дозволува работа и со останатите сегменти на производи. Во блиска иднина планираме интегрирање на каталозите од другите сегменти.

- **На крај, дали имате нешто да додадете?**

Би сакал да им се заблагодарам на GS1 Македонија и на сите македонски компании кои ја сфатија комплексноста и важноста на овој проект и за нивното приклучување за овој проект да стане реалност и да се подобри нивниот бизнисот во сите сектори.


GS1 Каталог
Ваш извор
на квалитетни
податоци
www.gs1katalog.mk